[redacted]

**ДО:** Општина Валандово

**ОД:** [redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Пропратно писмо

**ДАТУМ:** 11.03.2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 15.03.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единици | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 270/1 | | |

Почитувани,

[redacted] со партнерските организации [redacted] започна со спроведување на проект [redacted] е поддржан од [redacted] во рамки на [redacted].

Целта на проектот е зголемено учество на младинските организации и младите во процесите на креирање политики за животна средина на локално ниво, како и поддршка на општините во овие процеси.

Со цел соодветно планирање на активностите за поддршка на општините Ви испраќаме барање за слободен пристап на информации од јавен карактер. Доставените информации ќе ни овозможат утврдување на состојбите и потребите на општината во процесот на креирање на политики за младинско учество и прашања од областа на животна средина. Информациите можете да ни ги доставете во електронска форма на е-маил адресата наведена во барањето.

За сите детали поврзани со проектните активности, ќе бидете навремено известени.

Доколку имате дополнителни прашања Ви стоиме на располагање.

Лице за контакт: [redacted] проектен менаџер
Контакт телефон: [redacted]
Е-пошта: [redacted]

Со почит,

[redacted]

[redacted]

( Образец ПП……)

[redacted]

**До: Општина Валандово**
**(имател на информацијата)**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / по[redacted]ошник на [redacted]телот на [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл. 17 од Законот за животната средина? Ако има пропишано посебни постапки доставете ни примерок (како документ или линк од веб страницата)?
2. Дали општината има изработено извештај за состојбата на животната средина *(чл. 45 ст. 5 од Закон за животната средина)*? Ако да, ве молиме доставете ни го последно донесениот извештај?
3. Дали општината ги исполнува условите за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола? *(чл. 123 од Закон за животната средина)*?
4. Дали општината има вработено овластени инспектори за животна средина на општината? Ако да, колку овластени инспектори има?
5. Дали во рамки на општината е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член 34 од Законот за животната средина? Ако е формирана кој ја сочинува, кога е формирана и што влегува во делокругот на работа?
6. Дали општината има донесено локален акционен план за животната средина согласно чл. 60 од Закон за животната средина? Ако има донесено, ве молиме доставете ни примерок од документот. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации? Кој го сочинува телото за следење на имплементацијата на ЛАП-от за животна средина?
7. Дали општината има усвоено Локална агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно чл. 186 ст. 3 и 4 од Законот за животната средина? Ако да ве молиме да ни доставите примерок. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации?
8. Дали на територијата на општината постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата? Ако има доставете листа од заштитените подрачја
9. Дали во општината е формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање (Согласно членот 46 од Законот за урбанистичко планирање? Ако е формирано кој го сочинува? Дали во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години?
10. Дали во рамки на општината е формиран локален младински совет? Ако е формиран кој го сочинува и споделете одговорно лице за контакт.

11. Дали општината има донесено локална стратегија за млади и/или акциски план? Ако да ве молиме споделете го документот.
12. На кој начин општината обезбедува учество на претставници на младите во креирањето политики на локално ниво?
13. Доколку Општината располага со листа на активни граѓански организации кои работат и дејствуваат во рамки на општината ве молиме да ја споделите.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во [redacted], 11 Март 2022 година**

______________[redacted]______________

(доколк[redacted]ртиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Delçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, P.O.Box.561 тел/phone +389 2 3127 453; +389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-270/2
22.03.2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 11.03.2022 годин[redacted], заведено под бр.10-270/1 од 15.03.2022 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 11.03.2022 година, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-270/1 од 15.03.2022 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара Општина Валандово, како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

[redacted] достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.10-270/1 од 15.03.2022 година.

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: Е. Фидански
Одобрил: Б. Киров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10 - 270/3
22.03 2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

До

[redacted]

Предмет: Одговор на барање од 11.03.2022 година

Почитувани ,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер од 11.03.2022 година, заведено во Општина Валандово под бр. 10-270/1 од 15.03.2022 година Ви ги доставуваме следните податоци:

1.Општина Валандово нема пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварувањето на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата со животната средина согласно член 17 од Законот за животна средина;

2.Општина Валандово нема изработено извештај за состојбата на животната средина;

3. Општина Валандово ги исполнува условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола;

4. Општина Валандово нема вработено овластени инспектори за животна средина;

5.Во рамките на Општина Валандово нема формирано локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член 34 од Законот за животната средина;

6.Општина Валандово нема донесено важечки локален акционен план на животната средина во смисла на член 60 од Законот за животната средина;

7.Општина Валандово нема усвоена Локална агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно член 186 став 3 и 4 од Законот за животна средина;

8. На територијата на Општина Валандово не постои заштитено подрачје Согласно Законот за заштита на природата;

9. Општина Валандово со Одлука бр. 08-16/16 од 28.02.2022 година, има формирано Партиципативно тело за урбанистичко планирање согласно член 46 од став 1 од Законот за урбанистичко планирање. Истото го сочинуваат:

- членови на Комисија за урбанизам на Општина Валандово, составена од три члена- дипломирани архитекти (Горан Дончев, Ѓоко Аврамски и Соња Маџирова);

-стручно лице вработено во правното лице кое го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа;

-претставник од урбаната, односно месната заедница за која се изработува урбанистичкиот план;

Од актуелните членови на Партиципативното тело само едно лице е под 30 години.

10. Во рамки на општина Валандово **има** формирано Локален младински совет, со верификувани мандати од 29.11.2021 година. Го сочинуваат 5 (пет) членови:

- Марија Илиевска (Свет на промени - Валандово),
- Гоги Тунгелов (Колектив Зет - Скопје),
- Габриела Костевска (Младински Сојуз - Крушево),
- Бојан Николов (Еко Правда - Валандово) и
- Драган Митев (Еко Правда - Валандово).

Лице за контакт: Бојан Николов, 078-530-555, bojannikolov@yahoo.com

Линк и податоци за ЛМС
Валандово: https://www.valandovo.gov.mk/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B8/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0/%D0%A1%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%82_%D0%BD%D0%B0_%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0/%D0%9B%D0%9C%D0%A1.aspx

11. Општина Валандово заедно со Локалниот младински совет имаат донесене Програма за млади за 2022 година и Програма за активности во областа на спортот и младите во 2022 година.

Линк до Програма за млади
2022: https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Mladi/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%202022.pdf

Линк до Програма за активности во областа на спортот и младите
2022: https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Predlog/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3%20%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%BE%D0%B1%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D0%BF%D0%BE%D1%80%D1%82%D0%BE%D1%82%20%D0%B8%20%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B2%D0%BE%202022%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf

12. Општина Валандово преку учество на многубројни настани се труди да ги мотивира младите на активност и самоиницијативност на секое поле, преку транспарентност и отвореност за слободно вклучување на младите во креирањето на политиките. Младите исто така се вклучени во креирање на Буџетот на општината преку електронски алатки и анкети, право на учество на седниците на Советот на општината, преку поддршка на секаква иницијатива и програма за активности во областа на младите, Локален младински совет и слично.

Линк до Годишен извештај за работата на Општина Валандово во делокругот на млади за 2021
година: https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Mladi/Godisen%20Izvestaj%20za%20rabotata%20na%20Opstina%20Valandovo%20vo%20delokrugot%20na%20maldi%20za%202021%20godina%20(so%20prilozi).pdf

13. Општина Валандово активно објавува податочни сетови од отворен тип на националниот портал за отворени податоци.

Линк од Регистар на невладини организации (НВО) кои имаат активности на територијата на општина Валандово: https://data.gov.mk/dataset/ngo

Со почит.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Перо Костадинов

Изготвил: С.Димитров
Контролирал:С.Х.Јовановиќ
Одобрил: Б.Киров